Konrad Adenauer Stiftung

Здружение на новинарите на Македонија

CIVICA mobilitas

# НОВИНАРСКИ ПРИРАЧНИК ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРИ



# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**

Новинарски прирачник за следење на избори

**Издавач:**

Фондација Конрад Аденауер во Р. Македонија

Здружение на новинари на Македонија

**Автор:**

Ердем Ахмет

**Дизајн и подготовка:**

Марјан Делевски

**Печати:**

Винсент графика

**Тираж:**

300 примероци

**Фотографии:**

Од архивата на ЗНМ

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.kas.de/mazedonien

http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270

**Напомена:**

**Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и Здружение на новинари на Македонија, туку се лични гледишта на авторот.**

# СОДРЖИНА:

- Медиумите играат три клучни улоги на изборите 5
- Новинарската етика и изборите 7
- Изборни нерегуларности 10
- Испитување на јавното мислење 13
- Јавниот сервис и изборите 14
- Кодексот на новинарите и изборите 16
- Меѓународна правна рамка за слободата на изразување 22
- Македонска правна рамка за медиумско следење на избори 24
- Правилник за изборната кампања 32
- Правилник пред изборната кампања 38







*„Предизвикот за објективноста, непристрасноста и балансот во новинарството е нешто со што новинарите се соочуваат секојдневно, но не постои поголем тест за професионалноста отколку оној што се наметнува за време на жестоки политички избори. Изборите, исто така, претставуваат тест за политичката заложба за демократија. Тоа е период кога импулсот да се манипулира со медиумите и да се контролираат информациите е најсилен меѓу партиите на власт, како и од страна на политичките лидери кои се кандидираат за членови на кабинетите".*

**Ајдан Вајт,**
**Поранешниот генерален секретар на Меѓународната федерација на новинари**

# МЕДИУМИТЕ ИГРААТ ТРИ КЛУЧНИ УЛОГИ НА ИЗБОРИТЕ:

**1.**

**Медиумите обезбедуваат информации за изборите на граѓаните.**

Бидејќи свеста на луѓето за изборите зависи во голема мера од содржините пласирани во медиумите, новинарите мора да известуваат со факти и непристрасно за платформите и кампањите на сите вклучени политички партии и кандидати, за да може гласачот да прави разлика помеѓу нив и да донесе информирани одлуки. Медиумите, исто така, мора да обезбедат толкување и анализа за настани и прашања, преку создавање простор за различни мислења на голем број колумнисти и коментатори. Друга важна задача вклучува пренесување на информации од изборната комисија за да ги едуцира граѓаните за основните факти и за процесот на избори, за правата и обврските на гласачите, како да се регистрираат како гласачи, каде да гласаат, како да се обезбеди тајност на гласањето, кои се кандидатите од нивната изборна единица итн.

## 2.
**Функцијата на медиумите на «куче чувар» во име на јавноста.**

Медиумите имаат задача да известуваат за какво било прекршување на правата на кандидатите или избирачите (вклучително и на правото за слобода на говор), корупцијата во изборниот процес и во процесот на гласање, прекршоци направени од страна на политичките партии, и пропустите на изборните органи.

## 3.
**Медиумите треба да бидат глас на гласачите.**

Изборите не се само за политичарите. Тие се особена можност за обичните луѓе да проговорат и да ги идентификуваат проблемите кои тие сметаат дека се важни. Новинарите мора да излезат помеѓу луѓето и да обезбедат форум за обичните гласачи кои сакаат нешто да кажат, особено оние кои се двоумат, игнорираат, па дури и спречуваат да го искажат своето мислење.





# НОВИНАРСКАТА ЕТИКА И ИЗБОРИТЕ

Покривањето на изборите е битен дел од слободата на изразување. Како што изборите треба да бидат целосно слободни и демократски такво треба да биде и нивното покривање. Селективното или пристрасното покривање на изборите е анатема за демократијата. За вистинската слобода на изразување медиумите мора да бидат целосно слободни.

Покривањето на изборите не подразбира само известување за изборната кампањи и собири. Новинарот преку покривањето на изборите станува гласник за сите мислења: вклучувајќи ги и оние кои промовираат демократија до оние кои се нејзини непријатели. Во изборните кампањи секогаш ќе се најдат две страни.

Новинарите не смеат да ја прекршуваат професионалната етика  со искривување на фактите, пренагласување на одредени аспекти на приказната, наслови кои погрешно ја прикажуваат содржината на веста и, се разбира, целосно фабрикување на вести, цитати, луѓе и настани.

Од друга страна, тие треба на чесен начин да ги обезбедуваат информациите и мислењата. Мора да се избегне известување без да се проверат фактите, дури и ако информациите се објавени на друг медиум. Неоснованите обвинувања и навредливи говори не се невообичаени за време на изборните кампањи и затоа  новинарите не треба да ги објават без да овозможи на другата страна да ги коментира или да даде соодветен одговор. Само со одговорно новинарство може да им се овозможи на добро информираните гласачи слободно да одлучуваат.

Непристрасноста и балансот се важни аспекти на новинарската одговорност. Не секогаш е можно да се направи секоја вест да биде еднакво избалансирана, но непристрасноста и балансот помеѓу конкурентните партии и кандидати може да се постигне преку поголем број вести кои ќе бидат објавени или емитувани за време на целиот изборен период.

Професионални новинари не треба да бидат наклонети на ниеден кандидат. Нивната задача е да поставуваат прашања во име на  гласачите, да ги споредуваат одговорите, да презентираат различни мислења, и да дадат информација за задднината на настанот за да биде јавноста свесна за контекстот на веста. Со тоа тие ќе дадат  можност на гласачите да разберат чии ставови и мислења најмногу имаат смисла за нив.

Точноста е уште еден важен аспект на новинарската одговорност. Веста треба да биде точна, не само од аспект што ќе се запишат имињата на луѓето и местата како што треба и ќе се биде сигурен дека описите и цитатите се точни, туку, исто така, со ставање на информациите во одреден контекст и со давање акецент на важни настани и теми. Луѓето ја губат довербата во медиумите кога ќе увидат дека не можат да се потпрат на точноста на веста која ја добиваат.

Новинарите не се единствените кои треба да бидат свесни за важноста на одговорното новинарство. Уредниците играат важна улога во обликувањето на медиумските содржини и треба да се стремат да обезбедат точност, непристрасност и избалансираност во покривањето на изборите.



# ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

Еден од најважните моменти на изборите е нивото на чесност и транспарентност. Дури и кога изборите често се набљудувани од страна на претставници на политички партии, изборни или меѓународни набљудувачки тимови, новинарите сами треба да се обидат да го откријат степенот на проблеми кои влијаат врз квалитетот на изборниот процес.

## ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИ ВО МЛАДИ ДЕМОКРАТИИ

**Од Џон Лоренс - Документ од уредникот на «The Nation[1]», Кенија**

-Известувајте за настаните точно онака како што тие се случувале, а не како што вие сакате да се случат. Ова значи дека треба да бидете непристрасни во секој поглед:
-Давајте еднакви можности за истакнување на сите главни кандидати. Ова значи посетување на еднаков број средби на кандидатите.
-Бидете внимателни да не ги обоите вашите извештаи со предизвикувачки јазик.

1 http://www.thenation.com/authors/john-lawrence

-Известувајте за она што го велат кандидатите, а не за она што велат заинтересираните страни дека го рекле кандидатите.
-Бидете внимателни да не бидете оценети дека заземате страна во политичките расправии.
-Немојте (во какви било околности) да прифатите понуда од кандидат или негови/нејзини следбеници . Немојте дури и да се возите во автомобил на политичар.
-Немојте да му ветувате на некој политичар ( или кој било друг што е засегнат) дека во весник ќе се појави негов извештај или сторија.
-Известувајте за она што го гледате без претерување.
-Немојте да се служите со претерување кога опишувате сцени со толпа народ.
-Вежбајте фер игра. Доколку кандидатот обвинува негов опонент, побарајте коментар од опонентот.

Треба да ги слушате:

**ВЕТУВАЊАТА:** Тие вообичаено се дел од платформата на партијата: горди ветувања за поставување системи за наводнување, градење авто патишта, намалување на таксите за образование, Или тоа можат да бидат занимливи мали вести за селаните: «Гласајте за мене и јас ќе ви дадам десет грла добиток». «Гласајте за мене и ниту едно дете во областа нема да биде босо». «Гласајте за мене и вашите стомаци секогаш ќе бидат полни». Затоа мора да бидете внимателни.

**УПАЃАЧИ:** Упаѓачи, луѓе кои сакаат да го прекинуваат зборот на средби со нивните наметнувања, можат да предизвикаат насилство или потсмев. Бидете претпазливи во однос на хумористичките испади. Можете да бидете цитирани во истиот контекст.

**НЕОЧЕКУВАНОТО:** На јавните средби честопати се случуваат неочекувани работи и затоа мора да се биде внимателен во однос на тоа.

**КОНТРАДИКЦИИ:** Бидете подготвени за ненадејно скршнување од правецот на веќе подготвениот говор, особено од контрадикторни изјави или базичните испади од подготвената платформа. Не потпирајте се само на испечатениот текст. Ќе ви биде потребна моќ за проникливо набљудување. Ќе биде потребно да го проценувате расположението за време на средбата. Дали е тензично , слободно, весело? Погледнете наоколу  и набљудувајте ги изразите на лицата. Дали има некои кои прават проблеми?

**ТОЛПА НАРОД:** Колку е голема публиката? Важна вештина е прецизно да се определи големината на толпата. Но мудро би било да се цитираат различни извори:  вашите, од полицијата, на организаторите.

**КОНФРОНТАЦИИ:** Во една транзитна политичка атмосфера може да се случи сешто. Одредени сигнали ќе ве подготват. Број на инфилтрирани лица од опозицијата. Дали тие се вооружени (дури и со

камења).Слушајте го она што се кажува од страна на лицата во толпата. И набљудувајте го присуството на лица за обезбедување. Дали се тие вооружени со штитови, пендреци, митралези и солзавец. Дали тие очекуваат проблеми. Дали изгледаат нервозни? Немојте веднаш да носите заклучоци во однос на тоа како започнал проблемот доколку настане изненадувачки метеж. Разговарајте со луѓето, можеби сте пропуштиле нешто или некој чин на провоцирање.

## ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Испитувањето на јавното мислење е заедничка карактеристика за повеќето избори. Тоа може да биде организирано од страна на медиумите, политичките партии или социјалните служби. Повеќето испитувања на јавното мислење што се организирани од страна на медиумите се базирани на моделот на «трки» : кој води, кој е последен? И честопати имаат претерана улога во покриеноста на кампањите.

Во основа од новинарите се очекува да коментираат за испитувањата што се организирани од други. Според тоа, тие ќе имаат потреба од базично познавање на техниките за испитување на јавното мислење, со цел да се анализираат и соодветно да се протолкуваат податоците во врска со анкетата, а, исто така, и да се определат можните манипулации или погрешни толкувања.

# ЈАВНИОТ СЕРВИС И ИЗБОРИТЕ

**1. Јавниот сервис и мора да ги информираат сите граѓани**

За време на предизборието, јавните сервиси мора да и обезбедат на јавноста релевантни информации за граѓаните да можат да бидат информирани за опциите кои се нудат на изборите. Посебно, јавните сервиси мораат да обезбедат информации за:

-Политичките партии и кандидати кои учествуваат на изборите.
-Прашања кои се во основата на кампањата, вклучувајќи ги и материјалите од манифестите на партиите.
-Процесот на гласање и сите други информации кои ќе им помогнат на луѓето да учествуваат на изборите.

**2. Јавниот сервис мора да е непристрасен**

Јавниот сервис мора да е урамнотежен и непристрасен во пренесувањето на вестите и информациите кои се однесуваат на изборите. Посебно, јавниот сервис треба да обезбеди програмските и информациските сервиси да бидат непристрасни

во однос на ниедна партија или кандидат, но, исто така , треба да обезбедат еднаков пристап до медиумите за сите кандидати и партии кои учествуваат на изборите.

**3. Јавните сервиси мора да бидат професионални**
Јавните сервиси мора да демонстрираат највисоки стандарди на новинарство и мора да обезбедат балансиран, прецизен и непристрасен начин на покривање на тековните настани, а истовремено владата мора да обезбеди и механизам за регулирање и мониторинг на програмите кои се емитуваат во врска со изборите.



# КОДЕКСОТ НА НОВИНАРИТЕ И ИЗБОРИТЕ

Кодексот на новинарите на Македонија кој е донесен на 14.11.2001 година, само во член 14 се осврнува на изборите:

«Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано.  Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти;»

Овој член значи дека новинарите секогаш критички ќе ги следат политичките процеси , како и употребата и можната злоупотреба на политичката и економската моќ. Новинарите нема да прават пропаганда во корист на ниедна партија или политичка опција. Кога станува збор за соопштенија на политичка партија или други групи и организации, тоа треба јасно да биде назначено, а при редакциската обработка не смее да се извртуваат фактите, контекстот и смислата. Необјавувањето на некоја информација не смее да биде поврзано со идеолошки или партиски причини.

Во другите членови на Кодексот на новинарите на Македонија, иако не се спомнуваат изборите, тие се целосно употребливи за време на изборите.

Професионалните новинари при покривањето на изборите имаат ист вид одговорност како и при покривање на која било друга тема. Не постои посебна новинарска етика за изборите, туку истите професионални стандарди и начела кои важат при секојдневното работење важат и за изборите. Сепак, изборите секогаш се најголемиот тест за етиката на новинарите. Токму од овие причини секаде во светот професионалните здруженија на новинарите подготвуваат вакви прирачници за покривање на изборите, а информативните редакции на медиумите ги обучуваат своите новинари за предизвиците на изборниот процес.



# КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ

Слободата на медиумите е неприкосновено право. Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со членот 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и имаат право да коментираат.

Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни. Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и да го спречат искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат во јакнењето на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно;

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, има право за тоа да ја информира јавноста;

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор, во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата;

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити;

5. Новинарот ќе ги почитува законите на државата, но нема да објави или да скрие што и да е во спротивност со јавниот интерес;

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или за прикривање информации за стекнување лична корист.

Митото, корупцијата и изнудувањето се неспоиви со новинарската професија.
Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата;

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост;

8. Начинот на информирање, во случаи на несреќи, елементарни непогодни, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.
Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите вклучени страни во спорот и да не се сугерира пресуда;

9. Новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лицата со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат;

10. Новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...);

11. Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните разлики во Македонија;

12. Плагијаторството е неприфатливо.
Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот;

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот;

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано.
Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти;

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.
Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста;

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги;

17. Новинарот има право да одбие работна задача, доколку е во спротивност со принципите на Кодексот.

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Новинарите кои работат во согласност со Кодексот ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.
Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите, во однос на професијата, ќе го прифатат судот само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание. За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.

Скопје, 14.11.2001 г. Новинарите на Македонија

## МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите ***(член 19 од Универзалната декларација за човековите права[2])***

2 http://www.un.org/en/documents/udhr/index.shtml

Секое лице има право на слободно изразување, ова право без оглед на границите, ја подразбира слободата на изнаоѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усна, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор ***(член 19 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права)***

## МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА ИЗБОРИТЕ

1. Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.

2. Секој има право на еднаков пристап кон јавните служби во неговата земја.

3. Волјата на народот ќе биде основата на власта, волјата на народот ќе се изразува на повремени и автентични избори, што ќе се одржуваат, со универзално и еднакво право на глас и со тајно гласање или според соодветните процедури на слободно гласање. ***(член 21 од Универзалната декларација за човековите права)***

Секој граѓанин/ка има право и можност, без која било од разликите наведени во член 2 и без неразумни ограничувања:

(а) да учествува во спроведувањето на јавните работи, непосредно или преку слободно избрани претставници/чки;
(б)да гласа и да биде избран на периодични, автентични избори, што ќе бидат со
универзално и еднакво право на глас и ќе се одржи со тајно гласање, се гарантира
слободно изразување на волјата на избирачите;
(в) да имаат пристап, со општите услови на еднаквост, во јавните служби во неговата земја.
***(член 25, од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права)***

## МАКЕДОНСКА ПРАВНА РАМКА ЗА МЕДИУМСКО СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРИ

Улогата на медиумите на избори во Македонија е уредена со Изборниот законик и со двата правилника што ги усвојува Советот за радиодифузија во соработка со Државната изборна комисија. Едниот правилник се однесува на рамноправниот пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања и другиот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања.
Изборниот законик[3] изборната кампања ја дефи-

3 http://www.sec.mk/Predvremeni2011/IZBOREN_ZAKONIK_(Precisten_tekst).pdf

нира како јавно собирање и други јавни настани организирани од политички партии и независни кандидати.  Кампањата опфаќа јавно истакнување на плакати и видео презентации на јавни места, изборно медиумско претставување, дистрибуција на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од Државната изборна комисија. Странски правни и физички лица не можат да организираат ниту да учествуваат во изборна кампања.

Според овој Законик, изборната кампања започнува 20 дена порано и престанува 24 часа пред денот на изборите.

## Медиумско претставување

Радиодифузерите се должни во нивните програми за време на изборната кампања да обезбедат рамноправен пристап на сите учесници на изборите. Телевизиите и радијата што ги покриваат изборите можат да емитуваат 15 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво за политичко рекламирање, од кој за еден учесник во кампањата најмногу 10 минути. Радиодифузерите и весниците се должни пет дена по распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање за изборните програми и кандидатите на учесниците на из-

бори. Тие, од денот на утврдувањето на ценовниците до денот на започнувањето на изборната кампања, се должни најмалку два пати да ги објават истите во нивните програми и весници. Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на кампањата, а радиодифузерите и печатените медиуми се должни нив да ги достават до ДИК, СРД и до Државниот Завод за ревизија.

**Радиодифузерите и печатените медиуми се должни:**

- Да обезбедат рамноправен пристап за платено политичко рекламирање за сите учесници на изборите
- Рекламирањето мора да биде видливо означено како платено политичко рекламирање и да се одвои од другите содржини
- Нарачателот на секој облик на платено политичко рекламирање мора јасно да се означи и јасно да се издвои од другиот дел на програмата и од другите рекламни спотови
- Се забранува учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

**Радиодифузерите не смеат:**

- Да емитуваат политички реклами на вести и во дневно-информативни програми
- Да емитуваат во образовни и програми за

деца, и во преноси од спортски, културни, забавни и други настани
- Во посебни информативни програми
- Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање

**Медиумско следење**

Македонска радио телевизија (МРТВ) е должна бесплатно во соработка со ДИК да ги информира граѓаните за целокупниот процес на организирање и спроведување на изборите.
- За време на кампањата МРТВ е должна да емитува бесплатно политичко претставување на сите учесниците на изборите
- СРД е должен да го следи начинот на покривање на изборното медиумско претставување од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето
- СРД кога ќе утврди неправилности е должен да покрене прекршочна постапка пред суд против радиодифузерот.

**Испитување на јавното мислење**

Резултати од испитување на јавното мислење поврзани со изборите медиумите можат да објават пет дена пред одржувањето на изборите при што се должни:

- Да го наведат името на нарачателот и плаќачот на анкетата
- Институцијата што го извршила испитувањето и методологијата
- Големината и структурата на испитаниот примерок
- Периодот во кој е спроведено испитувањето.

## Прекршочни казни

Изборниот законик пропишува прекршочни казни за непочитување на законските обврски на медиумите и од главните уредници од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување. За непочиту-



вање на одредбите на овој закон, медиумите можат да бидат казнети со глоба од 1500 до 5000 илјади евра, а казните за уредниците се движат од 300 до 3000 евра, зависно од прекршокот што го сторил.

## Обврски на организаторот на изборна кампања

Политичките партии и независните кандидати, според Изборниот законик, имаат обврска да отворат жиро-сметка со назнака за изборна кампања во рок од 48 часа по утврдувањето на листата на кандидати. Два дена после тој рок треба да достави писмен доказ до ДИК дека обврската е исполнета. Во случај да не ја исполни оваа клучна обврска на време, партијата или независниот кандидат не може да учествуваат на избори.

Сите средства за кампањата мора да одат преку посебната сметка и само од неа може да се покријат трошоците за кампањата. Сметката се затвора по завршувањето на изборите, кога од буџетот на државата и на општините ќе се исплатат средствата за партиите и независните кандидати за добиените гласови.

За кампањата е одговорен исклучиво организаторот на кампањата и тогаш кога ќе овласти друг во негово име да презема некои дејства.

За секое повредување на правата во кампањата кандидатите уживаат судска заштита. Судот мора да реши во рок од 48 часа од доставувањето на барањето. Одлуката на судот може да се обжали од кандидатот два дена од моментот на приемот на истата. Апелациониот суд одлучува во рок од 48 часа од моментот на доставување на жалбата.

Извршната и локалната власт од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување не смеат да вршат никакви вонредни исплати на плати, пензии, социјална помош и други исплати од буџетот и од јавни фондови.

Со последните измени на Изборниот законик се воведуваат нови обврски за учесниците на изборите. Така, членови на Владата и заменици-министри од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати за избори, функцијата ја извршуваат технички, само за техничко функционирање на органот.

Овие носители на јавни функции не смеат да располагаат со јавни пари, освен ако тоа поинаку не е утврдено со друг закон со кој се уредува финансирањето на изборната кампања на партиите.

Со јавни пари функционерите не смеат да започнат изградба на нови објекти во инфраструктурата и

објекти од општествени дејности, освен ако тоа не е предвидено во тековната годишна програма.

Овие лица имаат забрана да исплатат вонредно плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства и од јавни фондови, ниту можат да отуѓуваат државен капитал, ниту да потпишуваат колективни договори. Ваквата забрана за нив трае од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.



# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Во Правилникот[4] за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања се пропишувааат облиците на медиумското претставување, начинот на обезбедување рамноправен пристап на учесниците, како и начинот на известување на медиумите за време на изборниот молк.

Јавниот радиодуфузен сервис и приватните телевизии и радија што покриваат избори, се должни да го прават тоа на правичен, избалансиран и непристрасен начин.

Сите радиодифузери за време на кампањата се должни на сите учесници на изборите да им овозможат еднаков пристап до сите облици на изборно медиумско претставување. Тоа значи во дневно-информативните емисии, програми со кои организаторите директно им се обраќаат на гласачите и во посебни информативни емисии.

4 http://srd.org.mk/images/stories/IZBORI_2011/ZA_SLUZBEN_VESNIK_-_Pravilnik_za_ramnopraven_pristap_za_vreme_na_kampanja.pdf

Со Правилникот уредувачката слобода е гарантирана, но радиодифузерите имаат обврска да бидат избалансирани во медиумскиот пристап за сите учесници на изборите.

Освен принципот на избалансираност, во Правилникот се истакнува и принципот на еднаквост и пропорционалност за сите кандидати на изборите. Овие два последни принципа не важат за политичкото рекламирање.

За време на кампањата и во изборниот молк радиодифузерите не смеат да емитуваат огласи и реклами финанисирани од јавни пари.

Уредниците, новинарите, водителите и презентерите вклучени во подготвувањето на програмата на радиодифузерот, не смеат да учествуваат во изборната кампања на учесниците на изборите.

Тие што ќе се вклучат во нечија изборна кампања, нивниот ангажман во медиумот треба да мирува до завршувањето на изборите.

Радиодифузерите не смеат да објават содржини насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување и повикување на воена агресија или разгорување на секаков вид омраза и нетрпеливост. Ако се случи тоа, радиодифузерите се должни да се оградат од нив и да обезбедат критички контекст за да се намалат негативните ефекти.

МРТВ е должна да ги следи сите активност поврзани со изборната кампања, да информира за законодавството за избори, за активностите на учесниците на изборите, и за текот на гласањето и за резултатите. Освен тоа, должна е да ги информира граѓаните за техниката на гласање, да обезбедува информации редовно и за лицата со оштетен слух.

Приватните ТВ и радија кои ќе одлучат да емитуваат бесплатно политичко претставување, треба да обезбедат избалансирано време за сите учесници на изборите. Бесплатното претставување мора да биде видливо означено за цело време на емитувањето. Датумот и редоследот на емитувањето на учесниците се утврдува со ждрепка.

Вестите и дневниците на медиумите за време на кампањата треба да бидат водени од професионалните принципи. Избалансирано, пропорционално и еднакво да информираат за активностите на сите учесници на изборите. Принципот на избалансираност ќе го има предвид и интензитетот на активностите.

Коментарите за кампањата во вести и дневници се двојат како посебни прилози, означени со името и презимето на авторот или како редакциски коментар.

Кога се информира за активностите на јавните функционери тоа не смее да биде во функција на

изборно претставување на ниту еден политички субјект.

Во програми наменети за информирање за начинот и техниката на гласањето и остварувањето на избирачкото право , како и во интервјуа, дебати или соочувања, радиодифузерот, воден од професионалните принципи на избалансираност и пропорционалност, треба да обезбеди рамноправен медиумски пристап за сите ученици. Овие посебни информативни програми не смеат да се користат како облик за платено политичко рекламирање.



# ИЗБОРЕН МОЛК

За време на изборниот молк, кој почнува 24 часа пред денот на изборите и завршува во моментот на затворањето на избирачките места, престануваат сите облици на изборното медиумско претставување на учесниците на изборите.

Радиодифузерите смеат да известуваат за изборите, но ќе го прекршат молкот ако:

- Емитуваат информации и други материјали во функција на нечија кампања или рекламни пораки за претставување на партиска програма или симболи
- За кој било кандидат и учесник на изборите или партиски штабови
- За јавни функционери во функција на кампањата што влијае на одлуката на избирачите
- Отворено или прикриено медиумско известување кое може да влијае врз одлуката на граѓаните
- Партиски ознаки и симболи или друг пропаганден маеријал, насочен за или против учесник на изборите, носител на јавна функција
- Изјави, соопштенија дадени во функција на кан-

дидат, партија или друг учесник на избори
- Учество на кандидати и функционери во посебни информативни програми поврзани или во функција на изборната кампања
- Снимени програми или во живо, неповрзани со изборите, за кандидати, функционери
- Музички нумери, спотови или друг уметнички настап што се однесува на кандидати на изборите.

Правилникот како рекламни пораки што претставуваат партиски програми и симболи ги смета сите облици на директен настап на учесник на избори до гласачите без разлика дали е платено или не:

- Огласи и соопштенија
- Политички изборни спотови
- Музички спотови како партиски химни
- Преноси или снимки од митинзи
- Средби и други настапи на учесниците во изборна кампања

Радиодифузерите можат да известуваат за неправилности при гласањето, како и за инциденти водејќи сметка да објават:

- Проверени информации од официјални извори
- Не смее да се објави идентитетот на политичкиот субјект до завршувањето на изборите
- Учесниците на избори не се сметаат за официјални извори
- Да не дозволат да се злоупотребат од учесниците на изборите преку неосновани обвинувања

- Соопштенија од учесниците на изборите се објавуваат по завршувањето на гласањето.

На денот на гласањето радиодифузерите не смеат да емитуваат:

- Изјави на кандидати на избори, на лидери на партии, функционери и политичари
- Изјави на граѓани и други субјекти во функција на кампањата.

## ПРАВИЛНИК ПРЕД ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Во Правилникот[5] за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања се уредуваат содржините што се сметаат за изборно медиумско претставување што не се дозволени  во кампањата. Освен тоа, Правилникот го уредува и начинот на однесување на радиодифузерите до распишување на изборите, до започнување на кампањата.

Според овој правилник, пред почетокот на кампањата радиодифузерите не смеат да ги промовираат ставовите, програмите, платформите, достигнувањата и активностите на учесниците на изборите.

5 http://srd.org.mk/images/stories/IZBORI_2011/ZA_SLUZBEN_VESNIK_-_Pravilnik_pred_izborna_kampanja.pdf

Во овој период сите информации поврзани со изборите можат да се емитуваат само во вести и дневници.

Уредниците, новинарите, водителите и презентеритена програма вклучени во подготвувањето на програмата на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборните активности на учесниците на изборите за промовирање на нивните ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и др.

Ако се определат за тоа, треба да им мирува ангажманот во медиумот од денот на распишување на изборите до нивното завршување.
На програмските сервиси на радиодифузерите не е дозволено од денот на распишпување на изборите до нивното завршување да се емитуваат огласи и реклами на државните и јавните органи.

Радиодифузерите кога информираат за подготовките и дејствата на изборите  должни се да обезбедат:

- Политички плурализам, информации за сите учесници на изборите
- Отвореност за различни политички мислења
- Објективно и непристрасно прикажување на активностите на сите учесници на изборите
- Еднаков третман  на нивните ставови и мислења со цел публиката слободно да формира мислење
- Право на одговор и исправка

Пред изборната кампања радиодифузерите треба да ги почитуваат следниве принципи:

- Да негуваат и развиваат хумани и морални вредности на човекот и да ја заштитат неговата приватност и достоинство
- Еднаквост врз основа на пол, раса, националност, етничка и социјална припадност, политичко и верско убедување, имотна и општествена положба или друг статус на човекот
- Да поттикнуваат толеранција, заемно почитување и разбирање меѓу припадниците од различно етничко и културно потекло и да ги почитуваат достоинството и правата на припадниците на маргинализираните заедници
- Да поттикнуваат меѓународно разбирање и соработка, чувство на правичност и за одбрана на демократските слободи.

При известувањето за дејствата во врска со изборите, радиодифузерите треба да внимаваат да не емитуваат содржини што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Ако се случи тоа, радиодифузерите имаат право да се оградат и да обезбедат критички контекст за да се намали негативната конотација или обвиненијата.

Коментарите за подготовка на  изборите емитувани на вести и дневници треба да се одвоени како посебни прилози, означени со името и презимето на

авторот или како редакциски коментар.

Известувањето за редовните активности на носителите на јавни функции во овој период не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниеден политички субјект.

При објавувањето на резултати од испитување на јавното мислење медиумите се должни да го наведат:

- Името на нарачателот и плаќачот на испитувањето
- Институцијата што го извршила испитувањето и методологијата
- Да посочат показатели за големината и структурата на испитаниот примерок
- Периодот во кој е спроведено испитувањето.

Радиодифузерите не смеат да објавуваат резултати од ненаучни и од нерепрезентативни испитувања на јавното мислење, како што се гласање на гледачи или на слушатели по телефон, анкети спроведени на Интернет и слично.

Во интервјуа, дебати, соочувања, актуелно информативни програми и информативни програми со документарен и тематски специјализиран пристап, радиодифузерите можат да ги третираат изборите.
Радиодифузерите се обврзани во овие програми да обезбедат рамноправна застапеност на сите учесници на изборите, на власта и опозицијата, а во нив не смеат да учествуваат потврдени кандидати од Државната изборна комисија.

# ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ

Во предизборниот период радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање.

Исклучок се огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на независен кандидат и тоа само во означени рекламни блокови во рамките на дозволено време и нарачателот јасно да се означи.

Во овие огласи и соопштенија треба да има основни податоци за кого се собираат потписите, каде граѓаните можат да го дадат својот потпис и кога во текот на денот. Други квалификации за кандидатот не се дозволени, а телевизиите нив не треба да ги проследат со снимки или фотографија од кандидатите.

Кампањите на ДИК и на невладините организации за едукација на избирачите не се сметаат за платено политичко рекламирање, но треба да бидат одвоени од другиот дел од програмата и да се означи јасно нарачателот.

# ИЗВОРИ

**- Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања**
http://srd.org.mk/images/stories/IZBORI_2011/ZA_SLUZBEN_VESNIK_-_Pravilnik_pred_izborna_kampanja.pdf од 21.04.2011.

**- Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања**
http://srd.org.mk/images/stories/IZBORI_2011/ZA_SLUZBEN_VESNIK_-_Pravilnik_za_ramnopraven_pristap_za_vreme_na_kampanja.pdf

**- Изборен законик (пречистен текст), Службен весник на РМ, бр. 54 од 14.4.2011 година**
http://www.sec.mk/Predvremeni2011/IZBOREN_ZAKONIK_(Precisten_tekst).pdf

**- Прирачник за покривање на избори од Здружение на новинари на Македонија, Центар за развој на медиуми и Интернационална федерација на новинари од 2011 година**

**- Универзалната декларација за човековите права,**
http://www.un.org/en/documents/udhr/index.shtml

- **Меѓународен пакт за граѓански и политички права**
http://www.aopz.gov.mk/materijali/Меѓународен пакт за граѓански и политички права.pdf



Konrad
Adenauer
Stiftung

Центар за
ИНСТИТУЦИОНАЛЕН
РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

"Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC".